РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2196/1
12-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1270/1 од 10.04.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да ја преиспитува законитоста на постапката за избор и одлуката за избор на носители на јавни функции донесена од Собранието на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1270/1 од 10.04.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од познат подносител, по која е оформен предмет бр. 12-1270/1 од 10.04.2025 година.

Во пријавата се наведува дека лицето ---------------- од -------------- избрано за член на ----------- --------------------- не ги исполнувало условите за избор пропишани во член 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

При разгледувањето на наводите во пријавата, Државната комисија ги имаше предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација со кои е уредена постапката за избор на членови на ---------------------------------------------------------------------.

Согласно член 18 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на членови на Комисијата, додека Комисијата за прашања на изборите и именувањата, по спроведена јавна расправа, утврдува предлог-листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието, кое ја донесува конечната одлука за избор.

Во конкретниот случај, Одлуката за објавување јавен оглас за избор на член на ------------------------------------------------ е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. ----/2025 од 17.02.2025 година. По спроведената постапка и јавната расправа одржана на 01.04.2025 година, Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврдила предлог-одлука за избор на член на Комисијата и до Собранието го предложила кандидатот -------------------- од ------------. На 43-та седница одржана на 08.04.2025 година, Собранието на Република Северна Македонија го избрало предложениот кандидат за член на --------------------------------------------.

Од наведеното произлегува дека постапката за избор на член на ------------------------------------------ е спроведена од страна на Собранието на Република Северна Македонија како надлежен орган, при што оценувањето на исполнетоста на законските услови од страна на пријавените кандидати претставува прашање што се разгледува и оценува во рамките на постапката што ја спроведува надлежното собраниско тело - Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Собранието како орган што ја донесува конечната одлука за избор.

Согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија, меѓудругото, постапува по пријави кои содржат наводи и сомнежи за постоење на корупција и судир на интереси. Во конкретниот случај, наводите во пријавата се однесуваат исклучиво на прашањето дали избраниот кандидат ги исполнувал законските услови за избор предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, а не на постоење сомнежи за корупција или судир на интереси.

Имајќи предвид дека Државната комисија нема законска надлежност да ја преиспитува законитоста на постапката за избор и одлуката за избор на кандидати за функции кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата оцени дека не постојат законски основи за постапување по поднесената пријава.

Дополнително, согласно член 3 став (1) точка 5 од Законот за управни спорови, прашањето на законитоста на одлуките за избор или именување на јавни функции донесени од Собранието подлежи на управно - судска контрола.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК